**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-1159
20.11. **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-6609/1 од 19.11.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за обезбедување соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика, од страна на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 20.11.2015 година го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – опомена

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 146 став 1 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје, во неделата од 19 до 25 октомври 2015 година, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, не обезбеди соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-6609/1 од 19.11.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за културен идентитет, на 18 ноември 2015 година, извршила редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје, емитуван во неделата од 19 до 25 октомври 2015 година, при што констатирала дека во периодот од 07:00 до 19:00 часот, не обезбедил соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика.

Имено, со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје, не ја почитува доследно одредбата од член 92 став 6. Имено, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, емитуваше најмалку половина од неделната обврска за музика (најмалку 4 часа), односно емитуваше вкупно 4 часа 55 минути и 19 секунди музика, но не беше испочитувана обврската за процентуална распределба на музиката на народна и забавна (најмалку 2 часа народна и најмалку 2 часа забавна музика). Во овој временски интервал беа емитувани 1 час 16 минути и 26 секунди забавна музика и 3 часа 38 минути и 53 секунди народна музика. Со дозволеното отстапување од 5% во однос на распределбата на забавната и народната музика, утврдено во член 92 став 4 од Законот, а разработено во член 9 став 2 од Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма, отстапувањето во распределбата меѓу народната и забавната музика може да биде 12 минути. На програмскиот сервис ТРД Телевизија Сител е констатирано поголемо отстапување во однос на застапеноста на забавната музика. Со дозволеното отстапување таа може да биде застапена со 1 час и 48 минути, а е застапена со 1 час 16 минути и 26 секунди.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, спецlooфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-6609/1 од 19.11.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-6609/1 од 19.11.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на

радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-6609/1 од 19.11.2015 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.